USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
DEFENDING HUMAN RIGHTS PROJECT

Македонско здружение на млади правници

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО ВО ПРАКТИКАНСКАТА ПРОГРАМА НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Македонското здружение на млади правници (МЗМП), во рамките на Проектот на УСАИД за заштита на човековите права, објавува јавен повик за учество во Програмата за практикантска работа за млади правници. Програмата има за цел континуирана едукација на млади правници во областа на заштита на човековите права.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО:

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Завршени три години правни студии (стекнати 180 кредити);
- Основни познавања и интерес во областа на заштита на човековите права;
- Познавање на англиски јазик.

Од кандидатите се бара подготвеност да се обврзат на учество во текот на целокупното траење на циклусот од два месеци практиканска работа.

За учесниците во програмата е предвиден фиксен месечен паричен надоместок.

МЗМП ги повикува сите заинтересирани млади правници (вклучувајќи и студенти на постдипломски студии по право) да испратат свое резиме/CV и мотивациско писмо (не подолго од една страна), на електронската адреса: contact@myla.org.mk или на ул. Донбас бр.14/1-6,1000 Скопје, најдоцна до 24.02.2017 година.

Во периодот од месец март 2017 и април 2017 година, Програмата ќе ги опфати следниве градови: Скопје, Битола, Штип, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Струмица и Кавадарци. Кандидатите се замолуваат при аплицирањето, задолжително да го наведат градот во кој се заинтересирани да ја обавуваат праксата.

Програмата се спроведува во соработка со судовите во Република Македонија (основните, апелационите, Управниот суд на РМ и Врховениот суд на РМ), Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и адвокатските канцеларии. Предвидено е секој учесник да помине два месеци практикантска работа во една институција (изборот на институцијата го определува проектниот тим). Истовремено со практикантската работа учесниците посетуваат основна и напредна обука од областа на заштита на човековите права, за што се ангажирани домашни и странски предавачи.

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е невладина организација, формирана со цел за зајакнување на придонесот на младите правници во унапредувањето на правничката професија, заштитата на човековите права и слободи и унапредувањето на принципот на владеење на правото во РМ преку учество и работа на конкретни проекти. Во своето работење МЗМП става посебен фокус на континуирана едукација на младите правници.

Од септември 2014 година МЗМП ја спроведува тригодишната програма “Проект на УСАИД за заштита на човековите права”.

Само избраните кандидати кои што ги исполнуваат условите ќе бидат контактирани.

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ПРОЕКТОТ

Проект на УСАИД за заштита на човекови права Македонско здружение на млади правници

Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје Tel. +389 (0) 2 3220 870
contact@myla.org.mk | www.myla.org.mk